РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 86-та седница одржана на 05.05.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1988/1 од 11.03.2022 година, против поранешната директорка на ------------------------------------------ – сегашна ------------------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1988/1 од 11.03.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 11.03.2022 година, поднесена е пријава против поранешната директорка на ------------------------------------------ – сегашна --------------------------------------------------------- и оформен е предмет број 12-1988/1 од 11.03.2022 година.

Во пријавата се наведува дека истата се поднесува поради направени неправилности од пријавеното лице, со што наводно партиски активисти се стекнале со високи звања во ------------------------------------------------. Во пријавата се бара да се изврши контрола во однос на посочени лица кои се блиски со поранешната директорка, како станале инспектори без работно искуство.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани конкретни наводи или незаконитости во постапки за вработување кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на конкретно службено лице.

Оттаму ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk